Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
СУДСКИ БУЏЕТСКИ СОВЕТ
KËSHILLI BUXHETOR GJYQËSOR

Ул."Македонија"бр.5,1000 Скопје|тел. 02/3218-136 sudskibudzet@ssrm.mk
Rr."Makedonia"nr.5,1000 Shkup/tel. 02/3218-136 sudskibudzet@ssrm.mk

Бр.Nr 02-1344/6
16.08. 2024
Скопје/Shkup

Врз основа на член 4 став 3, член 8 став 2 и член 9 алинеја 2 од Законот за судски буџет (Сл. весник на РМ бр.60/03, 37/06, 103/08 и 145/10), а по поднесено барање од Апелационен суд Скопје СУ-05-43/2024 од 15.08.2024 год. за обезбедување на средства за набавка на климатизер за сервер сала, Судскиот буџетски совет на 232 седница одржана на ден 15.08.2024 година донесе:

# ОДЛУКА
# ЗА ОДОБРУВАЊЕ НА ДОПОЛНИТЕЛНИ СРЕДСТВА НА АПЕЛАЦИОНИОТ СУД СКОПЈЕ

1. Се одобруваат дополнителни средства на Основниот граѓански суд Скопје, во износ од 60.000 денари, за набавка на климатизер за сервер сала.
2. Средствата се обезбедуваат од Буџетот на РСМ за 2024 година, во раздел 29010 – Судска власт, програма 20 – Судска администрација, ставка 480 – купување на опрема и машини, на сметка 603-буџетска сметка на Апелационен суд Скопје.
3. Оваа одлука стапува во сила со денот на нејзиното донесување.

Образложение

Апелационен суд Скопје до Судскиот буџетски совет поднесе барање СУ-05-43/2024 од 15.08.2024 год. за обезбедување на средства за набавка на климатизер за сервер сала во износ од 60.000 денари.

Судскиот буџетски совет на својата 232 седница одржана на ден 15.08.2024 година го разгледа барањето на Апелациониот суд Скопје, при што донесе одлука за одобрување на бараните средства во износ од 60.000 денари денари на сметка 603-буџетска сметка на Апелационен суд Скопје.

Одобрувањето на средства се врши со заради итна набавка на нов климатизер во сервер сала од причина што едниот климатизер е во дефект, а поправката е економски неоправдана.

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СУДСКИ БУЏЕТСКИ СОВЕТ**

**Весна Дамева**